Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Број. 04 - 5 / 45
Дата: 24 / 04 / 2025, Скопје

Врз основа на член 81 став 6 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РСМ " бр. 151/22, 208/24 и 59/25), а во врска со јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавач бр. 04-21/3 (25), од 03.03.2025 година, објавен на 05.03.2025 година, в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 (еден) извршител - за работно место виш разузнавач за мрежно поврзување**

1. За извршител на работно место Виш разузнавач за мрежно поврзување во Одделението за информатичка технологија, во Секторот за информатичка технологија и управување со податоци, со шифра УФР 02 10 Б02 001 се избира кандидатот Анди Иљази.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање бр. 04-21/4 (25) од 12.03.2025 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач бр. бр. 04-21/3 (25) објавен во дневните весници "Слободен печат" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ти кат, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Комисијата достави записници од постапката за административна селекција бр. 04-21/5 (25), записник од спроведен писмен испит бр. 04-21/8 (25), и записник бр. 04-21/9 (25) од спроведеното интервју.

Врз основа на записникот бр. 04-21/9 (25) од спроведеното интервју, како последна фаза од постапката за вработување, изготвен од страна на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач, Комисијата му предложи на в.д директорот да спроведе интервју со кандидатот Анди Иљази како единствен пријавен кандидат на јавниот оглас, на негов конечен избор.

Кандидатот Анди Иљази освои вкупно 67,5 бода, од кои 52,5 бода освоени на писмениот испит и 15 бода освоени на интервјуто е прворангиран и единствен кандидат за работното Виш разузнавач за мрежно поврзување во Одделението за информатичка технологија, во Секторот за информатичка технологија и управување со податоци.

Врз основа на изготвениот записник и предлогот на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање го повика лицето Анди Иљази на интервју.

По спроведеното интервју од страна на в.д директорот, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот приемот на писменото известување за избраниот кандидат.

Директор
Drejtor

Kujtim Ibishi


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 6ТИ кат, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk